# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 61** **12 март 2020, четврток** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**



**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1060. | **Одлука** за избор на судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија ........................................ | 2 |
| 1061. | **Одлука** за избор на судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија ........................................ | 2 |
| 1062. | **Одлука** за избор на судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија ........................................ | 2 |
| 1063. | **Одлука** за избор на судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија ........................................ | 2 |
| 1064. | **Решение** за изменување на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија .. | 3 |
| 1065. | **Објава** за движењето на индексот на цените на мало во Република Северна Македонија за месец февруари 2020 година .................................. | 3 |
| | **Огласен дел** ........................................ | 1-92 |

# СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1060.**

Врз основа на член 105 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, член 41 и член 46 став 1 точка 5 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010 и 83/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19) и член 48 и член 50 став 2 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 7.2.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. За судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија е избран:

- Мирјана Лазарова - Трајковска - поранешен судија во Европскиот суд за човекови права во Стразбур.

2. Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 09-289/1
7 февруари 2020 година
Скопје

Судски совет на Република Северна Македонија
Претседател,
**Киро Здравев,** с.р.

---

**1061.**

Врз основа на член 105 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, член 41 и член 46 став 1 точка 5 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010 и 83/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19) и член 48 и член 50 став 2 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 7.2.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. За судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија е избран:

- Сафет Кадрии – судија на Апелационен суд Скопје

2. Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 09-290/1
7 февруари 2020 година
Скопје

Судски совет на Република Северна Македонија
Претседател,
**Киро Здравев,** с.р.

---

**1062.**

Врз основа на член 105 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, член 41 и член 46 став 1 точка 5 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010 и 83/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19) и член 48 и член 50 став 2 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 7.2.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. За судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија е избран:

- Наке Георгиев– претседател на Апелационен суд Штип.

2. Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 09-291/1
7 февруари 2020 година
Скопје

Судски совет на Република Северна Македонија
Претседател,
**Киро Здравев,** с.р.

---

**1063.**

Врз основа на член 105 став 1 алинеја 1 од Уставот на Република Северна Македонија, член 41 и член 46 став 1 точка 5 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010 и 83/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19) и член 48 и член 50 став 2 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2019), Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 7.2.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. За судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија е избран:

- Лидија Мартинова – судија на Апелационен суд Скопје.

2. Оваа одлука ќе стапи во сила по правосилно завршување на постапката и ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 09-292/1
7 февруари 2020 година
Скопје

Судски совет на Република Северна Македонија
Претседател,
**Киро Здравев,** с.р.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1064.**

Врз основа на член 191 став (4), а во врска со член 241 став (2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) и член 9 став (4) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.116/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 9 март 2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.68/13, 48/15, 33/16, 154/17 и 62/19), во точката 1 зборовите „Друштвото за производство, трговија и услуги ЕНЕРЦИ ЛУКС ДООЕЛ Штип, со седиште на ул. Партизанска бр.21/Б, Штип“ се заменуваат со зборовите „Друштвото за производство, трговија и услуги ЕНЕРЦИ ЛУКС ДООЕЛ Кочани со седиште на ул. Тодосија Паунов бр.34 Кочани“.

2. Во точка 2 во алинеја 1, зборовите „Друштво за производство, трговија и услуги ЕНЕРЦИ ЛУКС ДООЕЛ Штип, со седиште на ул. Партизанска бр.21/Б, Штип“ се заменуваат со зборовите „Друштво за производство, трговија и услуги ЕНЕРЦИ ЛУКС ДООЕЛ Кочани со седиште на ул. Тодосија Паунов бр.34 Кочани“.

3. Ова решение се доставува до барателот, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, Операторот на пазарот на електрична енергија и Операторот на електродистрибутивниот систем.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на доставувањето.

УП1 бр. 08-257/12
9 март 2020 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

# ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

**1065.**

Врз основа на член 44, став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18, 220/18 и 31/20), Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

**ДВИЖЕЊЕТО НА ИНДЕКСОТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ ФЕВРУАРИ 2020 ГОДИНА**

Индексот на цените на мало во Република Северна Македонија во периодот јануари-февруари 2020 година, во однос на просечните цените на мало во 2019 година, изнесува -0.1%.

Директор,
**Апостол Симовски**, с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

ISSN 0354-1622
2020061

**Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**